Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
Këshillit për bashkëpunim midis Qeverisë dhe shoqërisë civile

# И З В Е Ш Т А Ј
## ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ВЛАДАТА И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО 2021 ГОДИНА

Скопје, јануари 2022 година

## I. Надлежности и состав на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество е советодавно тело на Владата на Република Северна Македонија за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот општество.

Согласно Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество[1], Советот е составен од 31 член, од кои 15 членови од редот на вработените во органите на државната управа: Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за локална самоуправа, Министерство за култура, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за информатичко општество и администрација, Секретаријат за европски прашања и Агенција за млади и спорт и 16 членови на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, врз основа на јавен повик, за областите: развој на граѓанскиот сектор, демократија и владеење на правото, промоција и заштита на човековите права и антидискриминација, економски и одржлив развој, наука, образование и доживотно учење, млади, социјална заштита и заштита на деца, заштита на маргинализираните лица, родова еднаквост, заштита на здравјето, земјоделство и рурален развој, култура, медиуми и информатичко општество, заштита на животната средина, спорт и ЕУ интеграции и политики. Членовите на Советот се назначуваат за период од три години, со право на уште еден избор[2].

Советот е надлежен да: ја следи и анализира јавната политика која влијае на околината во која се развива граѓанското општество; иницира донесување на нови или изменување и дополнување на постојните прописи за унапредување на правната и институционалната рамка за делување на организациите; дава мислење по предлози на закони, стратегии, програми и други правни акти кои се однесуваат или влијаат на развојот и на делувањето на граѓанското општество; спроведува активности за подигање на свеста за промовирање на култура на соработка и партнерство; учествува во подготовката и го следи спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанското општество и Акцискиот план за спроведувањето на Стратегијата, преку разгледување на квартални извештаи за напредокот на спроведувањето на Стратегијата; дава мислење на годишно ниво за реализација на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанското општество; ја следи и анализира вклученоста на организациите во процесот на креирање на јавната политика преку доставените извештаи за спроведени консултации од страна на органите на државната упава и дава препораки за нејзино унапредување; дава предлози при планирањето на областите и специфичните приоритети за финансирање на активности на организациите од Буџетот на Република Северна Македонија, врз основа на елаборирана секторска анализа на надлежните органи на државната управа; ги разгледува годишните извешта на Владата и органите на државната управа за финансираните програми и проекти на организациите и дава препораки; разгледува предлози поднесени од организации и зазема ставови по прашања поврзани со овозможувачка средина за организациите; номинира претставници на граѓанското општество во советодавни и работни

---

[1] „Службен весник на РМ“ бр. 98/16, 164/17 и „Службен весник на РСМ“ бр. 97/19 и 116/2021

[2] Составот на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и присуството на членовите на седниците на Советот во текот јули-декември 2021 година се дадени во Прилог бр.2, што е составен дел на овој Извештај.

тела; усвојува годишен извештај за својата работа за претходната година, што го објавува на веб страната на Генералниот секретаријат - организациона единица за соработка со граѓанското општество и го доставува до Владата и јавноста за информирање.

Административно-техничките работи на Советот ги врши Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со невладини организации.

Првиот состав на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор беше назначен со решение на Владата на Република Северна Македонија на 3.4.2018 година[3]. Во текот на првиот тригодишен мандат, Советот одржа 32 седници, иницираше процеси и влијаеше во креирањето политики на Владата за создавање овозможувачка околина и развој на граѓанското општество. Извештајот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за период април 2018 - јуни 2021 година, е даден во прилог и е составен дел на овој Извештај.

Со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор[4] од 28.5.2021 година, името на ова советодавно тело на Владата се измени во Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

Со цел и во наредниот тригодишен период да се одржи независен, репрезентативен и ефективен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, во периодот март-јуни 2021 година, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија – организациона единица за соработка со граѓански организации, спроведе постапка за избор на нов состав на Советот. Врз основа на добиените номинации од надлежните институции за членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на вработените во органите на државната управа и објавениот Јавен повик за избор на членови на Советот од редот на здруженијата и фондациите, Извештајот за пријавени организации со кандидати, Јавниот повик за гласање и Листата на кандидати според бројот на добиени гласови за членови на Советот од редот на здруженијата и фондациите, Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 30 јули 2021 година, донесе Решение за назначување членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество бр.14-7067/2.

## II. Одржани седници и разгледани материјали од страна на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во 2021 година

Во 2021 година Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество одржа вкупно 8 седници, од кои 5 седници во првиот состав на Советот и 3 седници на Советот во новиот состав. Првата (конститутивна) седница на новиот состав на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество се одржа на 15.9.2021 година, на која беа избрани претседател и заменик на претседателот на Советот.

Во периодот јули - декември 2021 година, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество разгледа вкупно 5 материјали, од кои 3 на предлог и/или подготвени од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија – организациона единица за соработка со граѓански организации и 2 материјали на предлог на членови од редот на организациите. Дневниот ред, материјалите по одделните точки од дневниот ред и записниците од седниците се објавени на www.nvosorabotka.gov.mk во посебниот дел наменет за Советот.

---

[3] „Службен весник на РМ“ бр.66/18, 123/18 и 228/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.110/19, 187/19, 263/19, 44/20 и 257/20

[4] „Службен весник на РСМ“ бр.116/21

а) материјали на предлог на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија – организациона единица за соработка со граѓански организации:

- Предлог-Стратегија на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2021-2024,
- Предлог-Програма за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество за 2022 година,
- Предлог-Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година.

б) материјали на предлог на членовите на Советот од редот на организациите:

- Реакција на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество на планирањето средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година и Соопштение до медиумите,
- Барање за овозможување транспарентен и консултативен процес на реорганизација во рамки на ИПА проектот „Поддршка на државната реорганизација“ со референтен број EuropeAid/139876/DH/SER/MK и барање да не се усвои финалниот извештај на експертскиот тим пред да биде консултиран со засегнатите страни,

в) материјали, мислења и препораки на Советот доставени до Владата на Република Северна Македонија и ресорните министерства:

- Мислење до Владата на Република Северна Македонија по Предлог-Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2022-2024,
- Реакција на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество до Владата на Република Северна Македонија на планирањето средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година,
- Мислење до Владата на Република Северна Македонија по Предлог-Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година,
- Барање до Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците за транспарентен процес на распределба на средствата од буџетот на министерството за 2022 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите,
- Мислење до Владата на Република Северна Македонија и Министерството за информатичко општество и администрација по Барањето за овозможување транспарентен и консултативен процес на реорганизација во рамки на ИПА проектот „Поддршка на државната реорганизација“ со референтен број EuropeAid/139876/DH/SER/MK и барањето да не се усвои финалниот извештај на експертскиот тим пред да биде консултиран со засегнатите страни,

- Барање до Централниот регистар на Република Северна Македонија и Министерството за финансии за укинување на тарифата за упис во Регистарот на вистински сопственици за граѓанските организации.

## III. Номинирани претставници на граѓанското општество во советодавни и работни тела

Во периодот септември-декември 2021 година Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество номинираше 9 претставници на граѓански организации во 3 советодавни и работни тела:

- три претставници на граѓанското општество и три членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондациите, за учество во Работната група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации,
- еден претставник на граѓанското општество во Секторската комисија за уметност (на барање на Одборот за национална рамка за квалификации),
- член и заменик-член во Управувачкиот одбор на проектот „Подобрување на квалитетот на образованието“ NEAR/SKP/2021/EA-RP/0053 (на барање на Министерството за образование и наука).

Листата на номинирани претставници на граѓанското општество во советодавни и работни тела е содржана во Прилог бр.1, што е составен дел на овој Извештај.

## IV. Административно-техничка поддршка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија – организациона единица за соработка со граѓански организации се грижи за обезбедување на услови за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, му помага на претседателот на Советот во подготвувањето и организирањето на седниците на Советот, ги подготвува записниците од седниците на Советот, одржува електронска база на податоци за работата на Советот на www.nvosorabotka.gov.mk[5] каде ги објавува дневниот ред, материјалите по одделните точки од дневниот ред и записниците од седниците на Советот, се грижи за стручно-организационите прашања и за унапредување на работата на Советот.

Во име на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија – организациона единица за соработка со граѓански организации на www.nvosorabotka.gov.mk објави два јавни повици и изврши административна проверка на пријавите на граѓанските организации за учество во советодавни и работни тела: (Јавен повик за учество на два претставници на граѓанското општество во Работната група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации и Јавен повик за учество на еден претставник на граѓанското општество во Секторската комисија за уметност).

[5] https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=node/99

Во рамките на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, финансиран од Европската унија, подготвен е пакет на промотивни материјали за Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество (брошура „Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество – Дијалог и зајакнување“[6] и промотивно видео). На 24 и 25 ноември 2021 година, во организација на овој проект се одржа онлајн работилница за информирање, комуникација и консултација со засегнатите страни на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, чија цел беше да се постигне заедничко разбирање за главните предуслови за ефективна внатрешна и надворешна комуникација на Советот, подобрување на севкупниот квалитет на планирање на комуникациските активности на Советот, дискутирање за пристапите на стратешка комуникација со главните чинители и договор за следните чекори во развојот на годишната програма за работа и годишниот план за комуникација на активностите на Советот. На 15 декември 2021 година, во организација на истиот проект, се одржа и онлајн работилница за подготовка на Програма за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество за 2022 година.

[6] https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Brochure1%20FINAL%20Council%20MKD.pdf

**Прилог бр.1**

| | Орган на државна управа/ тело | Име на советодавно/ работно тело | Член | Граѓанска организација | Датум на номинирање од Советот |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Сопствена иницијатива на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество | Работна група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации | Данче Даниловска – Бајдевска | Фондација Отворено општество - Македонија Скопје | 15.9.2021 (1. седница) |
| | | | Лилјана Јоноски | Здружение Рурална Коалиција Куманово | |
| | | | Александар Кржаловски | Македонски центар за меѓународна соработка Скопје | |
| | | | Никица Кусеникова | Член на Советот од Здружение Конект Скопје | |
| | | | Андреј Сених | Член на Советот од Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ- Заедно посилни Скопје | |
| | | | Зоран Илиески | Член на Советот од Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп | |
| **2.** | Одборот за национална рамка за квалификации | Претставник на граѓанското општество во Секторската комисија за уметност | Милош Андоновски | Здружение за афирмација на уметност ФЛУКТУС Скопје | 18.11.2021 (2 седница) |
| **3.** | Министерството за образование и наука | Член и заменик-член во Управувачки одбор на проектот „Подобрување на квалитетот на образованието“NEAR/SKP/2021/EA-RP/0053 | Димитар Низамовски (член) | Здружението на граѓани Младински образовен форум Скопје | 23.12.2021 (3. седница) |
| | | | Далиборка Златева (заменик член) | Здружението на лица со церебрална парализа и други попречености, Велес | |

**Прилог бр.2**

| Решение за назначување членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество бр.14-7067/2 од 30.7.2021 година |
|---|
| Членови од редот на вработените во органите на државната управа:<br>- Јасминка Ангелова (Министерство за внатрешни работи)<br>- Бојана Босилкова (Министерство за правда)<br>- Санела Хаџибулиќ (Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците)<br>- Розика Бојаџиева (Министерство за финансии)<br>- Елизабета Тодорова (Министерство за економија)<br>- Аднан Селмани (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство)<br>- Слободанка Анчевска (Министерство за здравство)<br>- Билјана Трајковска (Министерство за образование и наука)<br>- Лидија Штерјов (Министерство за труд и социјална политика)<br>- Ели Чакар (Министерство за локална самоуправа)<br>- Љуљзим Селмани (Министерство за култура)<br>- Сашо Секуловски (Министерство за животна средина и просторно планирање)<br>- Гордана Гапиќ-Димитровска (Министерство за информатичко општество и администрација)<br>- Христина Конеска-Бероска (Секретаријат за европски прашања)<br>- Гордана Цекова (Агенција за млади и спорт)<br>На предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации:<br>- Фани Каранфилова-Пановска (Фондација Отворено општество-Македонија Скопје -област: Развој на граѓанскиот сектор,<br>- Снежана Камиловска Трповска, (Македонски центар за меѓународна соработка Скопје – област: Демократија и владеење на правото)<br>- Уранија Пировска (Здружение Хелсиншки комитет за човекови права Скопје – област: Промоција и заштита на човековите права и антидискриминација)<br>- Никица Кусеникова (Здружение КОНЕКТ Скопје – област: Економски и одржлив развој)<br>- Димитар Низамовски (Здружение на граѓани Младински образовен форум Скопје – област: Наука, образование и доживотно учење)<br>- Зоран Илиески (Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп – област: Млади)<br>- Јасминка Фришчиќ (Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жебните Скопје– област: Социјална заштита и заштита на деца)<br>- Далиборка Златева (Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености Велес – област: Заштита на маргинализираните лица)<br>- Татјана Стоименовска (Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје – област: Родова еднаквост,<br>- Андреј Сених, Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ-Заедно посилни Скопје– област: Заштита на здравјето)<br>- Лилјана Јоноски (Здружение Рурална коалиција Куманово – област: Земјоделство и рурален развој)<br>- Тијана Ана Спасовска (Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје – област: Култура)<br>- Никола Додов (Здружение за потикнување и промоција на информатиката Асоцијација на студенти и информатичари Скопје– област: Медиуми и информатичко општество)<br>- Драгица Костадиновска (Здружение Мултиетничка организација за интернационални култури МОЗАИК МЕИК Скопје – област: Спорт) |

| |
|---|
| Решение за назначување членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество бр.14-9196/2 од 16.11.2021 година |
| - Ардита Абази Имери (Институт за европска политика Скопје – област: ЕУ интеграции и политики) |
| Решение за назначување членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество бр.14-12601/2 од 21.12.2021 година |
| - Сашка Коцевска (Движење на екологистите на Македонија Велес) – област: Заштита на животната средина |

**Прилог бр.3**

| ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРИСУСТВО НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ ВО 2021 ГОДИНА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Член на Советот | Институција /Здружение | 15.9.2021 1. седница | 18.11.2021 2. седница | 23.12.2021 3. седница |
| 1 | ЈАСМИНКА АНГЕЛОВА | Министерство за внатрешни работи | Не учествувала | Учествувала | Учествувала |
| 2 | БОЈАНА БОСИЛКОВА | Министерство за правда | Не учествувала Замена (Емилија Златковска) | Не учествувала | Учествувала |
| 3 | РОЗИКА БОЈАЏИЕВА | Министерство за финансии | Учествувала | Учествувала | Учествувала |
| 4 | ЕЛИЗАБЕТА ТОДОРОВА | Министерство за економија | Учествувала | Не учествувала | Не учествувала |
| 5 | АДНАН СЕЛМАНИ | Министерство земјоделство, шумарство и водостопанство | Не учествувал | Не учествувал | Не учествувал |
| 6 | СЛОБОДАНКА АНЧЕВСКА | Министерство за здравство | Учествувала | Учествувала | Учествувала |
| 7 | БИЛЈАНА ТРАЈКОВСКА | Министерство за образование и наука | Учествувала | Учествувала | Учествувала |
| 8 | ЛИДИЈА ШТЕРЈОВ | Министерство за труд и социјална политика | Учествувала | Не учествувала | Учествувала |
| 9 | ЕЛИ ЧАКАР | Министерство за локална самоуправа | Учествувала | Не учествувала | Учествувала |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | ЉУЉЗИМ СЕЛМАНИ | Министерство за култура | Учествувал | Учествувал | Не учествувал |
| 11 | САШО СЕКУЛОВСКИ | Министерство за животна средина и просторно планирање | Учествувал | Учествувал | Учествувал |
| 12 | ГОРДАНА ГАПИЌ-ДИМИТРОВСКА | Министерство за информатичко општество и администрација | Учествувала | Учествувала | Учествувала |
| 13 | ХРИСТИНА КОНЕСКА БЕРОСКА | Секретаријат за европски прашања | Учествувала | Учествувала | Учествувала |
| 14 | САНЕЛА ХАЏИБУЛИЌ | Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците | Учествувала | Учествувала | Учествувала |
| 15 | ГОРДАНА ЦЕКОВА | Агенција за млади и спорт | Учествувала | Не учествувала | Учествувала |
| 16 | ФАНИ КАРАНФИЛОВА ПАНОВСКА | Фондација Отворено општество-Македонија Скопје | Учествувала | Учествувала | Учествувала |
| 17 | СНЕЖАНА КАМИЛОВСКА ТРПОВСКА | Македонски центар за меѓународна соработка Скопје | Учествувала | Учествувала | Учествувала |
| 18 | УРАНИЈА ПИРОВСКА | Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје | Учествувала | Не учествувала | Учествувала |
| 19 | НИКИЦА КУСЕНИКОВА | Здружение КОНЕКТ Скопје | Учествувала | Учествувала | Учествувала |
| 20 | ДИМИТАР НИЗМАНОВСКИ | Здружение на граѓани Младински образовен форум Скопје | Учествувал | Учествувал | Учествувал |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 21 | ЗОРАН ИЛИЕСКИ | Коалиција на младински организации Сега Прилеп | Учествувал | Учествувал | Учествувал |
| 22 | ЈАСМИНКА ФРИШЧИЌ | Здружение заеманциоација, солидарност и еднаквост Скопје | Не учествувала | Учествувала | Учествувала |
| 23 | ДАЛИБОРКА ЗЛАТЕВА | Здружение на лица со целебрална парализа и други попречености Велес | Учествувала | Учествувала | Учествувала |
| 24 | ТАТЈАНА СТОИМЕНОВСКА | Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје | Учествувала | Учествувала | Констатиран престанок на членувањето во Советот, на лично барање |
| 25 | АНДРЕЈ СЕНИХ | Здружение за подржка на луѓето што живеат со ХИВ-Заедно посилни Скопје | Учествувал | Учествувал | Учествувал |
| 26 | ЛИЛЈАНА ЈОНОСКИ | Здружение Рурална коалиција Куманово | Учествувала | Учествувала | Учествувала |
| 27 | ТИЈАНА АНА СПАСОВСКА | Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје | Учествувала | Учествувала | Учествувала |
| 28 | НИКОЛА ДОДОВ | Здружение за поттикнување и промоција на информатиката Асоцијација на студенти и информатичари Скопје | Учествувал | Учествувал | Учествувал |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 29 | САШКА КОЦЕВСКА | Заштита на животната средина | нема член | нема член | Не учествувала |
| 30 | ДРАГИЦА КОСТАДИНОВСКА | ЗдружениеМултиетничка организација за интернационални култури МОЗАИК МЕИК Скопје | Учествувала | Учествувала | Не учествувала |
| 31 | АРДИТА АБАЗИ ИМЕРИ | Институт за европска политика Скопје | Присусгвувала | Учествувала | Учествувала |